МКС СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-960/6*
*24.02.2025*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество најавна презентација и јавнаанкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2025 година со Одлука бр. 08-8117/1 од 20.12.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

## П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О

**на повторна јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **повторна јавна презентација и јавна анкета по** Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- На северо-исток границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак
- На југо-исток границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На југо-запад границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На северо-запад границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 215912 $m^2$.

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 215912 $m^2$.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип, ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 12 март 2025 (среда) до 21 март 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 март (понеделник) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Изработил:
Борислава Мишева, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*